Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 44-та седница одржана на 05.12.2022 година, во врска со Предлогот Уп1 бр.03-368/1 од 02.12.2022 година за поведување прекршочна постапка против Трговско друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор бр.10-4083/1 од 02.11.2022 година на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

2. Советот заклучи против Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор е констатирано дека на 13 октомври 2022 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-4482/5

05.12.2022 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**